МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

ПРОГРАМА ЗА РЕФОРМА НА СРЕДНОТО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

НАСТАВНА ПРОГРАМА ПО

# ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ

за IV година

Скопје, мај 2002 година

# 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на наставниот предмет**: Граѓанско образование

**1.2. Образовниот профил и струка, односно група струки на кои им припаѓа наставниот предмет**

1.2.1. Образовен профил: Сите профили на средно стручно образование освен за образовните профили од економска, правна и трговска струка
1.2.2. Струка: Сите струки освен економска, правна и трговска струка

**1.3. Диференцијација на наставниот предмет**

1.3.1. Општообразовен предмет

**1.4. Година на изучување на наставниот предмет**

1.4.1. Четврта година

**1.5. Број на часови на наставниот предмет**

1.5.1. Број на часови неделно: 2 часа
1.5.2. Број на часови годишно: 66 часа

**1.6. Статус на наставниот предмет**

1.6.1. Задолжителна активност

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

Основната цел на наставата по Граѓанско образование е учениците да ги осознаат, усвојат и актуелизираат суштествените научни и општоприфатени факти за човекот и неговата општествена заедница, посебно во нивниот најразвиен облик на граѓанин во современото општество и во државата со демократски политички поредок. Еднакво важна цел е, тие да ги актуелизираат и оценуваат реалностите и карактеристиките на македонското општество, државата, пошироката-глобална заедница, како и да заземат правилен став кон нив.

Оваа наставна програма треба да им овозможи на учениците:

- да го разберат развојот на основните структури, појави и процеси во општеството, посебно во сферите на општествените односи, стопанството, политиката и културата;
- да се однесуваат и дејствуваат како позитивни личности и граѓани со општествени одговорности, права, оформени вредности и етика;
- да ја применуваат својата стручна и професионална подготовка во општествениот живот и во меѓучовечките односи преку критичко, творечко, кооперативно однесување и толеранција.

### 2.1. ПРИДОНЕС КОН ЦЕЛИТЕ ЗА СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ

Програмата ќе придонесе учениците:

- да стекнат потребни информации, знаења и умеења, за согледување и однесување во современото општество и неговите институции, процеси и нормативно-вредносни системи;
- да го совладаат и применуваат темелниот фонд на сознанијата од граѓанското општество за развојот и положбата на човекот и заедницата во современото општество;
- да се подготват за вклучување во повисоки степени на образование од оваа сфера како и за учење низ цел живот;
- да се запознаат со личните и колективни слободи и права на човекот-граѓанин, со нивната примена и заштита во институциите на нашиот уставен, правен и политички систем;

- да се запознаат со основните правни, политички и економски институции на Европската унија и поширокатa меѓународна заедница како и положбата на Р. Македонија во нив;
- да ги поврзат интересите и мотивацијата за стручно и професионално оспособување со интересите и мотивацијата на продуктивна, творечка и одговорна улога во стопанскиот, јавниот и политичкиот живот во заедницата.

## 2.2. ПРИДОНЕС ЗА ЛИЧЕН РАЗВОЈ

Содржината на наставната програма и интерактивниот пристап за нивно реализирање на ученикот ќе му овозможат:

- правилно да го сфати општеството и потесната заедница во кои конструктивно се вклучуваат интересите, мотивите, вредностите и творечкиот потенцијал на човековата личност;
- да усвојат знаења, вредности, одговорности и умеења за однесуваање како граѓанин со развиена демократска политичка култура и високи етички стандарди;
- да ги применува и употребува овие вредности и стандарди за лична, професионална, семејна и материјална промоција;
- да практикуваат толерантност, приспособливост, кооперативност и почитување на другите во меѓучовечките односи.

# 3. ПОТРЕБНИ ПРЕДХОДНИ ЗНАЕЊА

Претпоставка за успешно усвојување, интернализирање и примена на знаењата од наставата по граѓанско образование е учениците во предходните години на образование да стеканале почетни и најопшти знаења за човекот и општеството, за политиката, демократијата и културата. Тоа особено е можно преку предметите - историја, географија, биологија, македонски јазик и програмите - "Основи на демократија" и "Ние народот ... Проект граѓанин".

## 1. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

### 1.1. Структуирање на содржините за учење

| Тематски целини и содржини | Број на часови | Конкретни цели *Ученикот:* | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематски целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **1. Човек, општество, култура** | *14* | | | |
| **1.1. Човекот-природно и општествено суштество** | | - Да прави разграничување меѓу биолошката и културната компонента во човековата природа;. | - се опишуваат карактеристиките на личноста и се поврзуваат со активностите и творештвото на човекот; | - биологија;<br>- историја<br>- македонски јазик |
| **1.2. Личноста и општеството** | | - да идентификува разлики меѓу карактерите емоциите и темпераментите на луѓето; | - се изведува ***социодрама*** во која се прикажува влијанието на карактерот и темпераментот на човекот во групата; | - психологија. |
| **1.3. Како ги истражуваме личноста и општеството (методологија)** | | - да се запознае со начините на користење на соодветните методи и техники кои се најзначајни при испитување на одредена општествена појава; | - се изработува проектна скица и инструменти за собирање на податоци (прашалник, интервју); | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1.4. Култура | | - да ја дефинира културата;<br>- да ги опише културните сличности, разлики и универзалии;<br>- да го идентификува заедничкото и создаде навики за почитување на различното во културите;<br>- да ја објасни улогата на јазикокт во комуникацијата меѓу луѓето и да ги применува комуникациските вештини;<br>- да умее да ги идентификува карактеристиките на младинската и други субкултури;<br>- да ги опише врските и причините за карактеристичните вредности на одредено општество;<br>- да прави разлика меѓу обичајни, морални и правни норми и да ја поврзува санкцијата со видовите норми; | - со ***анализа*** на филмови и читање (коментирање) на текстови се согледуваат културните карактеристики на одделни народи;<br>- со ***Венов дијагра***м се идентификуваат сличностите и разликите во културите на населението што живее во, Р. Македонија;<br>- се демонстрираат видови на комуникација преку кои се осознаваат суштинските карактеристики на вербалната комуникација, говорот на тело, арго јазикот како и карактеристиките на субкултурите;<br>- се идентификува етноцентризмот преку ***играње на улоги*** (селанец, граѓајнин, македонец, кинез); | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **1.5. Религии** | | - да ја дефинира религијата;<br>- да го поврзува однесувањето на луѓето со религиозната припадност;<br>- да развива чувство за почитување и толеранција на културата, вредностите, нормите и религијата во општеството; | - се спроведува ***истражување*** во врска со обичаите за разни животни циклуси на одделни народи што живеат во Македонија;<br>- со ***работа во групи*** се анализираат сличното и различното во православието и исламот;<br>- се ***посетуваат*** црква и џамија за да се воочи сличното и различното во иконографијата и литургијата; | |
| **1.6. Социјализација** | | - да го објасни значењето на социјализацијата во формирањето на личноста и начинот на живот; | - се ***пишува есеј*** за влијанието на средината врз формирањето на личноста; | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да развива чувство за праведност и одговорност кон сопствените постапки и однесувањето кон другите; | - со ***социодрама*** се прикажуваат правила во група, санкции, а со ***играње на улоги*** се манифестира однесување на одредена личност (пеач, глумец, политичар); | |
| **1.7. Општествени отстапувања (девијации)** | | - да ги објасни причините за општествените отстапувања;<br><br>- да го анализира влијанието на девијацијата врз промената на општествениот поредок. | - се евидентираат и анализираат криминални дејствија во нашата држава прикажани низ медиумите (мотивот, при-чини и начин на извршеното дејствие). | |
| **2. Општествено групирање** | *14* | | | |
| **2.1. Јас меѓу другите (интеракција)** | | - Да ги применува стекнатите знаења во комуникацијата и извршувањето на улогите; | - се прават индивидуални описи за своето учество и учеството на другите во групите; | - Мајчин јазик и комуникација;<br><br>- историја. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2.2. Општествени улоги** | | - да ги идентификува и споредува улогите во секојдневниот живот;<br>- да ги разликува и проценува општествените улоги од аспект на нивната значајност и комплексност; | - се ***симулира*** совпадливи и конфликтни улоги;<br>- играње на улоги "јас судија - јас автомеханичар"; | |
| **2.3. Групите во општеството** | | - да ги идентификува и опише сопствените карактеристики како припадник во примарни и секундарни групи; | - во рамките на генерацијата се истражуваат предрасудите кај учениците; | |
| **2.4. Семејство** | | - да формира позитивен став за демократските односи во современото семејство;<br>- да ја опише заемната поврзаност меѓу роднинството, бракот и семејството;<br>- да ги наброи и објасни функциите на семејството; | - се води дебата за современото семејство и алтернативните стилови на живеење (хомосексуални и вонбрачни); | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2.5. Положбени групи (слоевитост и мобилност)** | | - да го објасни заначењето на општествените награди (парите, моќта и угледот) за обавување на улогите; | - се ***анализираат*** примери од практиката на личности со различни општествени улоги; | |
| **2.6. Етнички групи** | | - да развие толеранција кон другите и почитување на разликите; | - се пишува ***есеј*** за сопствените ставови во однос на припадниците на етничките групи; | |
| **2.7. Еднаквост меѓу родовите** | | - да ги објасни причините за нееднаквоста меѓу родовите;<br>- да опише ситуации во кои се манифестира родова нееднаквост. | - се организира ***тимска настава*** во врска со половите разлики;<br>се изготвува Венов дијаграм за човекови особини (машки, женски и заеднички). | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **3. Јас граѓанинот** | *16* | | | |
| **3.1 Што сме како граѓани и државјани?** | | - Да прави разлика помеѓу граѓанин и државјанин;<br>- да ги објасни правата и обврските што ги има граѓанинот и државјанинот; | - Со ***Бура на идеи*** се открива што се подразбира под поимот граѓанин/ државјанин;<br>- се проучува постапката за добивање државјанство (преку примери од практиката); | - историја |
| **3.2. Државата, сувереноста, власта** | | - да го примени знаењето, за да стекне и оствари граѓански и државјански права; | - се анализираат делови од Уставот на Р. Македонија; | |
| **3.3 Основните права и слободи на човекот** | | - да го објасни значењето на човековите права за демократскиот поредок;<br>- да ги наброи основните права и слободи на човекот; | - се изработува ***портфолио*** за правата, слободите и одговорностите на граѓанинот;<br>- се анализираат случеви каде се нарушени човековите права и слободи; | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **3.4 Демократскиот политички поредок** | | - да го објасни значењето на функционирањето на власта и државата во општеството;<br><br>- да ги идентификува начините на учество во власта и јавниот живот;<br><br>- да ги наведе институциите на демократскиот политички поредок и нивното функционирање;<br><br>- да прави споредба помеѓу другите типови политички уредувања;<br><br>- да ги објасни основните вредности и принципи на демократијата; | - се ***анализира*** дневен печат за активностите на институциите на државата;<br><br>- се водат ***разговори*** со возрасни (родители и др. лица) - за почитувањето на граѓанските права;<br><br>- се изработуваат индивидуални **описи, есеи** за тоа како ја сфаќаат и доживуваат демократијата (во училиштето, семејството и пошироката заедница); | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **3.5. Политичкото претставување: изборите и политичките партии** | | - да го објасни значењето на изборите и правото на учеството во нив;<br>- да ја опише изборната постапка на сите нивоа;<br>- да стекне основна политичка култура;<br>- да ја објасни улогата и влијанието на политичките партии врз развојот на демократските процеси;<br>- да ја објасни потребата од здружување во невладини организации; | - се ***разговара*** со припадници на различни етнички групи за остварување на нивните граѓански права и се презентираат нивните искуства;<br>- се ***анализираат*** текстови од документи за човекови права (Конвенција за заштита на човекови права);<br>- се ***дебатира*** дали сите луѓе ги уживаат истите права (дипломатски имунитет, права на странците, граѓани од втор ред); | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **3.6. Политички систем на Република Македонија** | | - да го опише политичкото уредување во Р. Македонија;<br>- да ги идентификува разликите во политичкото уредување од создавањето на макеоднскта државност па се до денес; | - се организираат ***средби и разговори*** со претставниците на власта (политичари, ратеници и др.);<br>- се ***анализираат*** делови од уставот на Р. Македонија (работа во групи) и водат расправа за нив;<br>- се ***анализираат и споредуваат*** программи на различни полилитички партии;<br>- се ***анализираат и проценуваат*** изборните постапки од последните из-бори во Македонија. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **4. Јас сопственик, производител, потрошувач** | *10* | | | |
| **4.1. Птребите, трудот, производството, потрошувачката** | | - Да ја објасни поврзаноста меѓу сопственоста, трудот, производството и потрошувачката;<br>- да ги разликува различните нивоа на потреби (примарни, секундарни и културни); | - Се изготвува **истражувачки проект**: за испитување на можностите на Македонија за производство на здрава храна; | |
| **4.2. Општествена поделба на трудот и економска специјализација** | | - да ја процени улогата на поделба на трудот во обезбедувањето на опстанокот и технолошкиот развој;<br>- да ја објасни улогата на поделбата на трудот во општествената интеграција; | - се организира ***работилница*** - за отварање приватна фирма (подготовка на целокупна документација); | |
| **4.3. Сопственост и капитал** | | - да ја објасни сопственоста и врската меѓу неа и капиталот; | - се пополнуваат банкарски обрасци: чекови, меници, уплатници и сл. | |
| **4.4. Пазарот и пари** | | - да ја процени улогата и значењето на пазарот и парите; | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **4.5. Држава и пазарот-социјално пазарно стопанство**<br><br>**4.6. Претпријатие** | | - да ја објасни улогата на државата во организирањето и контролата на пазарното стопанство;<br>- да прави разлика меѓу претпријатијата ;<br>- да изнаоѓа можности за вклучување во поголеми претпријатија. | | |
| **5. Социјалниот живот и социјалната политика**<br><br>**5.1. Население**<br><br>**5.2 Демографска политика**<br><br>**5.3 Социјална заштита и социјална политика** | *6* | - Да ги објасни последиците од брзиот раст на населението во земјата;<br>- да го развие чувството на планирање на семејство;<br>- да ја пронајде врската меѓу наталитетот, морталитетот и прирастот; | - Се читаат и анализираат статички прегледи и графички се прикажуваат демографските процеси кај нас;<br>- се организира дебата за причините на невработеноста во земјата; | - географија;<br>- биологија. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **5.3. Социјална заштита и социјална политика** | | - да ги идентификува последиците од нискиот наталитет во однос на стареењето како и последиците од високиот наталитет во однос на можностите за вработување;<br>- да ја објасни врската меѓу растот и населението, општествената организација, средината и технологијата;<br>- да ги идентификува причините за невработеноста во нашето општество и да размислува за изборот на своето занимање;<br>- да развие емпатија и разбирање за специфичните потреби на старите и хендикепираните лица;<br>- да ја процени потребата од социјална заштита и да ги разграничи групите на кои им е потребна;<br>- да го развие чувството за помош и солидарност со другите, а посебно со социјално загрозените лица; да го објасни значењето и потребата од заштита на животната средина; | - се изготвува на проектна скица за помош на стари и хендикепирани лица. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **5.4. Екологија-заштита на човековата средина**<br><br>**5.5. Хуманитарно дејствување** | | - да ги објасни мерките што се преземаат за заштита на животната средина;<br><br>- да го објасни значењето на хуманитарното дејство; | - се организира работилница за штетните последици од загадувањето ма животената средина;<br>- се дебатира за ангажираноста на младите во хуманитарните дејствувања; | |
| **6. Ние во Европа и светот**<br><br>**6.1. Современиот свет и неговата глобализација** | **6** | - Да ја објасни потребата од поврзување на народите во меѓународната заедница;<br>- да ги идентификува потребите од економско поврзување на народите;<br>- да ја опише улогата на ООН и нејзините агенции, меѓународните невладини организации како регионалното поврзување особено во Европа;<br>- да ги употребува масмедиумите како извор на информации; | - Се организира дебата: "Како ја замислуваме Европа без граници";<br>- се анализираат меѓународни документи - Пакт за стабилност, Повелба на ООН, и сл.;<br>- се организираат средби со претставници на невладини организации; | - странски јазици;<br>- македонски јазик;<br>- ликовна култура. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да развие критички однос кон нив; | - се организираат средби со претставници на меѓународни организации (Црвен крст; ФАРЕ и др.); | |
| **6.2. Европа и нејзината интеграција** | | - да развие чувство за заедништво меѓу народите во Европа; | | |
| **6.3. Македонија во Европа и светот** | | - да ја објасни потребата од поврзување на Македонија со Европа и светот. | - Македонците без виза во Европа (зошто е потребна виза и како без виза). | |

## 4.2. Наставни методи и активности на учење

### 4.2.1. Основни наставни методи

За реализација на целите на Наставната програма многу е важен методскиот пристап при обработката на наставните содржини. Тоа подразбира употреба на современи интерактивни форми и методи (техники на учење и активности). Овие техники на учење овозможуваат стекнатите знаења умешно да се применуваат при идентификувањето, опишувањето, објаснувањето, анализирањето на појавите од секојдневниот општествен живот и конкретни општествени ситуации. Тие исто така придонесуваат за развивање на критичкото мислење, донесувањето одлуки и соработничките односи.

Од интерактивните техники на учење ќе се употребуваат: социодрама, дискусија, и дебата, бура на идеи, анализа на текст и документи, анализа на случај, коцка, слагалка, петторед, грозд, призма, инсерт, ЗСУ-табела,

каменот што зборува, Венов дијаграм, Т-листа, но и традиционалните дидактички методи како: предавање, насочен разговор.

### 4.2.2. Активности на ученикот

Активностите на ученикот произлегуваат од интерактивните техники што се применуваат при обработката на наставните содржини. Учениците ќе анализираат текстови, табели, слики, ќе водат дебати и дискусии во врска со одреден проблем, ќе спроведуваат групни истражувања, ќе изработуваат портфолија и паноа за одредена тема или содржина, ќе пишуваат есеи и др.

### 4.2.3 Активности на наставникот

Методскиот пристап за кои се определил наставникот при обработката на наставните содржини ги одредува и неговите активности. Но пред се тој треба да престане да биде информатор и испрашувач, а да ја преземе улогата на организатор, координатор, инструктор, водич за размена на искуства и мислења.

Во одредени ситуации таму каде што е можно наставникот треба да ги индивидуализира задачите што им ги задава на учениците, прилагодувајќи ги кон нивните интереси, интелектуални можности и очекувања.

## 4.3. Организација и реализација на наставниот предмет

Наставата по наставниот предмет Граѓанско образование спаѓа во делот општообразовна настава и ќе се реализира на наставни часови според однапред изготвен неделен распоред на часови и со изработување на индивидуални домашни задачи (истражувања, портфолија, есеи). Наставникот треба да подготви годишен план, тематско планирање како и дневна подготовка.

## 4.4. Наставни средства и помагала

Реализацијата на Наставната програма бара разновидна палета на демонстративни наставни средства. Со нивна помош на многу поедноставен, економичен и ефикасен начин можат да се обработуваат наставните содржини како и да се доближува теоријата до секојдневните општествени збиднувања.

**Од *демонстративните наставни средства*** потребните се: тематски ѕидни слики, плакати, карикатури, стрипови, фотографии, шеми, табели, графикони, дијаграми, фотокопиран материјал (важни документи, обрасци и друг редок или недостапен материјал).

**Од *наставно работните средства*** потребни се: учебник по граѓанско образование, списанија и друга литература која обработува теми од граѓанско образование.

**Од *помошната техника*** потребни се: графоскоп, проекционо платно, видеорекордер, телевизаор, компјутер со печатар и скенер, фотокопир.

**Од *книжна галантерија***: термофолии, маркери, фломастери, ротохартија, креда во боја, компјутерска хартија.

# 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Увидот во напредокот и оценувањето на знаењата и способностите на учениците треба да биде планиран, систематски и перманентен. Истиот треба да се врши на различен начин (усно и писмено) со наменски изработени инструменти (тестови на знаења и прашалници). За оценките за постигањата на учениците наставникот треба да изготви стандарди со кои треба да бидат запознаети и учениците и нивните родители. Ова ќе овозможи во оценувањето да се развива и чувство на самокритичност во проценката на своите знаења.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставникот

- *Професионални карактеристики*: стручност, перманентно усовршување на знаењата, секојдневно следење на информациите од масмедиумите, соработка со соодветни стручни институции и родителите;
- *Персонални карактеристики*: интелигенција, општа култура, мотивација за работа, задоволство од работата, интуитивност, креативност, ентузијазам;
- *Педагошки карактеристики*: педагошко образование и обука, оспособеност за одржување настава, планирање и организирање, креативност, комуникација, однос кон учениците, способност за примена на образовна технологија итн.

### 6.2. Стандарди за наставен кадар

Наставата по предметот Граѓанско образование ќе ја изведува **дипломиран социолог**.

### 6.3. Стандарди на простор и опрема:

Наставата по предметот Граѓанско образование треба да се изведува во училница со следнава училишна инфраструктура:

- *вообичаен инвентар*: клупи, столчиња, табли обична и за апликации, експограф;
- шкафови витрини;
- графоскоп, видеорекордер и ТВ приемник;
- фотокопир.

## 7. ДАТА НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7.1. Датум на изработка:** декември 1999 година

**7.2. Состав на работната група:**

1. д-р Марија Ташева професор на Институтот за социологија - Скопје
2. д-р Димитар Мирчев професор на Институтот за социологија - Скопје
3. Слободанка Ристевска - социолог - самостоен педагошки советник - БРО - Битола
4. Гордана Трајкова Костовска - советник - БРО - Скопје
5. Зорица Тумановска - наставник по социологија во ДСУ Арсение Јовков
6. Митовски Стојанчо (соработник на БРО), БРО - Скопје

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 1.9.2002 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програмата за ***граѓанско образование*** ја одобри (донесе): Министерството за образование и наука со Решение број 11-1471/4 од 16.10.2001 година.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
КАБИНЕТ НА МИНИСТЕРОТ
Бр. 07-244/3
23.02. 2010 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ 1

| Примено: 25. 03. 2010 | | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 1004/1 | | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02 и 82/08) и член 22 став 1 од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08 и 92/08), министерот за образование и наука донесе изменување и дополнување на Наставната програма по предметот *граѓанско образование* за IV година за сите струки и профили на стручното образование освен за образовните профили од економска, правна и трговска струка.

З. Хорватовиќ

I. Во Наставната програма по предметот *граѓанск0 образование* за IV година за сите струки и профили на стручното образование освен за образовните профили од економска, правна и трговска струка решение бр. 11-4185/1 од 15.08.2002 година, се вршат следните измени и дополнувања:

На страница 4 во колоната "број на часови" бројот 14 се заменува со број 13.

На страница 7 во колоната "број на часови" бројот 14 се заменува со број 13.

На страница 10 во колоната "број на часови" бројот 16 се заменува со број 20.

Во наставната програма на страница 12 во точка 3.5 "Политичко претставување: избори и политички партии се додаваат следните измени:

| Тематски целини | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички препораки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| Изборите се основа на демократијата (Значење и функција на изборите)<br><br>Изборни системи | 6 | Ученикот/ученичката:<br><br>- да знае дека изборите се столб на демократијата;<br><br>-да ја сфати важноста на почитување на правата и законите при спроведување на гласањето на избирачките места;<br><br>-да ги знае процедурите на | Дискусија на тема *Кој треба да гласа и кои позиции треба да подлежат на гласање*,<br><br>Интервју со лице кое било член на ДИК или набљудувач на изборен процес,<br><br>Анализа на извештај од изборен процес, | Уставно право<br>Устав на РМ<br>Изборен законик |

Ѓ. Хорватовиќ

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| и видови избори<br><br><br><br>Избирачко право (преку кое се изразува народниот суверенитет) | | гласање што обезбедуваат демократски избори;<br><br>-да прави разлика помеѓу активно и пасивно избирачко право;<br><br>-да се подигне свеста за правата и обврските како граѓани – избирачи;<br><br>- да расудува за одредени постапки при изборниот процес и да воочува предности и недостатоци; | Есејско прашање *Еден човек – еден глас*<br><br>Тимска работа *Анализа на кодексот за фер и слободни избори*,<br><br>Да спроведе тајно гласање за избор на претседател на младинска организација,<br><br>Посета на Собранието на РМ и дискусија со пратенички групи за парламентарните избори | |

На страница 14 во колоната "број на часови" бројот 10 се заменува со број 9..
На страница 15 во колоната "број на часови" бројот 6 се заменува со број 5.

II. На страница 21, точка 6.2 Стандарди за наставен кадар, по зборовите „Наставата по предметот граѓанско образование ќе ја изведува дипломиран социолог", се додаваат зборовите „Наставата по граѓанско образование може да ја изведува и наставен кадар со завршени студии по филозофија, педагогија и историја."

З. Хорватовиќ

III. Измените и дополнувањата на Наставната програма по предметот *граѓанско образование* за сите струки и профили на стручното образование освен за образовните профили од економска, правна и трговска струка, од точка I ќе се применуваат од учебната 2010/11 година, а од точка II стапуваат во сила на денот нивното потпишување.

IV. Потпис и датум на донесување на наставната програма

Измените и дополнувањата на Наставната програма по предметот *граѓанско образование* за сите струки и профили на стручното образование освен за образовните профили од економска, правна и трговска струка, ги донесе

**МИНИСТЕР**
Никола Тодоров

Бр. _______________
од _______________ 2010 година
С к о п ј е

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА СКОПЈЕ